

Виолета Петроска-Бешка
Николина Кениг

# КАКО СЕ ПИШУВА ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНО ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет
Скопје, 2021



Виолета Петроска-Бешка
Николина Кениг

# КАКО СЕ ПИШУВА ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНО ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

ТРЕТО (МОДИФИКУВАНО) ИЗДАНИЕ

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет
Скопје, 2021

Рецензенти:

д-р Виолета Арнаудова, редовен професор
д-р Елена Ачковска-Лешковска, редовен професор
Филозофски факултет - Скопје

Јазична лектура:

Бојан Петревски

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

001.81:001.891.5(035)

ПЕТРОСКА-Бешка, Виолета
Како се пишува извештај за спроведено емпириско истражување / Виолета Петроска-Бешка, Николина Кениг. - 3. (модификувано) изд. - Скопје : Филозофски факултет, 2021. - 35 стр. : илустр. ; 25 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-238-200-5

1. Кениг, Николина [автор]
а) Истражувачки извештаи -- Изготвување -- Прирачници

COBISS.MK-ID 53588741

# СОДРЖИНА



ФОРМУЛИРАЊЕ НАСЛОВ 7



СТРУКТУРА НА ИЗВЕШТАЈОТ 9



ВОВЕД 9



МЕТОД 12








16 РЕЗУЛТАТИ

20 ДИСКУСИЈА

22 ЛИТЕРАТУРА







26 РЕЗИМЕ

28 НАВЕДУВАЊЕ НА КОРИСТЕНИТЕ ИЗВОРИ

34 ПРАКТИЧНИ СОВЕТИ

Истражување во секоја наука се спроведува за да се одговори на некое прашање што не било одговорено, но и за да се помогне во разрешување на некоја дилема што произлегува од контроверзноста на претходно добиените одговори, или пак за да се провери веродостојноста на некој одговор до кој е претходно дојдено. Истражувањето би ја изгубило својата смисла доколку одговорот до кој се дошло не ѝ се презентира на јавноста што може да биде заинтересирана за истражуваното прашање. Од таа гледна точка, секое спроведено истражување се смета за завршено во оној момент кога е подготвено соопштение (извештај) за него, кое најчесто ѝ се презентира на јавноста во вид на статија во некое научно-стручно списание[1].

Извештајот за спроведеното истражување се подготвува со цел да ѝ се соопшти на јавноста кој проблем е истражуван, кои методи се користени за да се реши проблемот, кои резултати се добиени и кои заклучоци се изведени од добиените резултати[2]. Тоа значи  дека целта на соопштението не е да се уверат читателите во добрите страни на извршеното истражување, туку колку што е можно појансно и поконцизно да им соопшти што е сторено, зошто е тоа сторено, кои се последиците од стореното и кои заклучоци произлегуваат од тоа.

1 Правилата за пишување извештај/соопштение од спроведено емпириско истражување што сеприкажани тука се определени од страна на Американската психолошка асоцијација и се прифатени како минимум барања од страна на најголем број меѓународно признати научно-стручни списанија од областа на психологијата (*Publication Manual of the American Psychological Association* (7th ed.). (2019). Washington, DC: American Psychological Association.)

2 Голем број од дипломските, магистерските и докторските тези се извештаи (соопштенија) од спроведени емпириски истражувања. Со оглед на тоа што тие би требало да ги следат истите правила на пишување извештаи како и статиите што се објавуваат во научно-стручните списанија, за нив  тука нема да се зборува посебно. Само, треба да се има на ум дека основната разлика мегу нив и статиите е во обемот на презентираниот материјал.






# ФОРМУЛИРАЊЕ НАСЛОВ

Пред да се започне со конципирање и составување на извештајот, треба да се определи **насловот** на трудот. Насловот претставува кус исказ (обично, не подолг од 15 збора) за предметот на истражувањето, кој може, но не мора да ја вклучува и популацијата испитаници опфатена со истражувањето. Во таа смисла, насловот е секогаш исказ за поврзаноста меѓу варијаблите што го дефинираат предметот на истражувањето. Од насловот треба јасно да произлезе што било предмет на истражувањето, со оглед на тоа што првиот контакт на читателот со извештајот е преку насловот и токму врз основа на насловот читателот одлучува дали ќе го прочита или нема да го прочита извештајот.

Типична грешка што ја прават почетниците кога го пишуваат насловот (Пример 1.) е да го направат премногу општ или понекогаш дури и имаат потреба тој да звучи „уметнички“[3]. Проблемот со ваквите наслови е што не се знае точно кои варијабли и врски меѓу нив се испитувани, или пак, на кого се однесува истражувањето. Кон општоста на насловот придонесуваат и често употребуваните фрази како „некои“, „одредени“ и слично, наместо наведување на сите релевантни фактори.
Друга грешка е давањето преобемни наслови, а третата е наведување методолошка цел во насловот која не е идентична со таа што е реализирана со самото истражување. Најчесто, почетниците во насловот имплицираат дека испитуваат каузална врска (па ги користат термините „влијание“, „ефект“, „зависност“ и слично), а всушност, истражувањето е правено на ниво на предикција.

---

3 Наслови со доза на „драматика“ се добредојдени само во квалитативните студии, кои се прават со цел да се критикува некоја појава во општеството која ги засега луѓето, но се крајно невообичаени за истражувањата водени во рамките на квантитативниот метод.

# ПРИМЕР 1.

## НЕСООДВЕТНО (☒) И СООДВЕТНО (☑) ФОРМУЛИРАНИ НАСЛОВИ ОД СООПШТЕНИЈА ОД СПРОВЕДЕНИ ИСТРАЖУВАЊА

☒ Влијанието на полот врз социјалниот статус кај средношколците

☒ Поврзаноста меѓу полот и социјалниот статус

☑ Поврзаноста меѓу полот и социјалниот статус кај средношколците

☒ Одредување на учеството на интелигенцијата во успехот на учениците од IV одделение со помош на регресивни равенки

☑ Интелигенцијата како фактор на успехот на учениците од IV одделение

☒ Објективноста, дискриминативноста, релијабилноста и валидноста на тестот „Профил индекс на емоции“ (ПИЕ) задаван на македонска популација

☑ Психометриските карактеристики на тестот „Профил индекс на емоции“ (ПИЕ) за македонска популација

☒ Поврзаноста на некои карактеристики на личноста со емоционалната интелигенција

☑ Поврзаноста на невротицизмот, психотицизмот и екстровертноста со емоционалната интелигенција кај студентите по психологија

# СТРУКТУРА НА ИЗВЕШТАЈОТ

Структурата на соопштениието, во основа, е иста како и структурата на самото истражување: проблем – метод - резултати. Со други зборови, извештајот мора да ги соопшти истражувачкиот проблем, методологијата на истражувањето и обработката и интерпретацијата на резултатите. За таа цел секој извештај од спроведено емпириско истражување треба да ги содржи следниве главни поглавја: (1) Вовед, (2) Метод, (3) Резултати, (4) Дискусија и (5) Литература. Нивниот редослед не треба да се манува затоа што ја чини суштината на извештајот, овозможувајќи логично следење на текот и резултатите од спроведеното истражување.

# ВОВЕД

Воведното поглавје може да се разликува по должина зависно од намената на извештајот. Во дипломските работи и во магистерските и докторските тези воведното поглавје е долго и детално и содржи поднаслови за секое од опфатените потпоглавја. Меѓутоа, во статиите што се печатат во научно-стручните списанија, се настојува да биде колку што е можно покусо, па дури и не се насловува.

ВО ВОВЕДНОТО ПОГЛАВЈЕ СЕ ПРЕТСТАВУВА ПРОБЛЕМОТ, СЕ ДАВА ПРЕГЛЕД НА ТЕОРИСКИТЕ ФОРМУЛАЦИИ И РЕЛЕВАНТНИТЕ ЕМПИРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА ОД ОБЛАСТА, СЕ РЕЗИМИРААТ НАОДИТЕ ОД ПРЕТХОДНИТЕ ИСТРЖУВАЊА, СЕ ИСТАКНУВААТ НЕРЕШЕНИТЕ ПРАШАЊА ОД ОБЛАСТА И СЕ ДАВА ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПОНУДЕНИТЕ ИСТРАЖУВАЧКИ ХИПОТЕЗИ. СЕТО ТОА СЕ ПРАВИ СО ЗАДНИЧКА ЦЕЛ – ДА ИМ СЕ ДАДЕ НА ЗНАЕЊЕ НА ЧИТАТЕЛИТЕ ШТО СЕ ПРАВИ СО ИСТРАЖУВАЊЕТО И ЗОШТО СЕ ПРАВИ ТОА.

При презентирањето на воведното поглавје се следи принципот на инка. Се започнува со општ вовед во проблемот. Општиот вовед потоа се стеснува преку наведување на наодите од претходните истражувања во врска со проблемот и концептуално (теориското) определување на варијаблите. На крајот, се завршува со дефинирање на истражувачките хипотези.

## ПРОБЛЕМ

На почетокот на воведното поглавје се презентира проблемот во општи рамки. Вообичаено е, при тоа, проблемот да се постави во вид на прашање или во вид на исказ што го дефинира предметот на истражувањето.

Презентирањето на проблемот на самиот почеток на извештајот им овозможува на читателите да стекнат увид во насоката на истражувањето што се презентира, истовремено олеснувајќи им да го следат сето она што потоа ќе го читаат.

## ТЕОРИСКА ПОЗАДИНА

За многу варијабли што се среќаваат во истражувачките проблеми од обласа на психологијата, па дури и за многу потенцијални истражувачки проблеми, постојат некакви објаснувања што се нудат во научно-стручната литература. За сите нив се очекува да бидат прикажани во воведното поглавје како теориска позадина на истражуваниот проблем. Од теориските објаснувања во врска со проблемот се изведуваат концептуалните дефиниции на варијаблите што се предмет на истражувањето. Тоа помага да се стекне увид во значењето на проблемот.

Сфаќањата на другите во врска со истражувачкиот проблем треба да се презентираат во теориската позадина со наведување на нивните автори. Користењето идеи на други без да се наведе од кого произлегле тие идеи претставува плагијат и не само што е во спротивност со професионалната етика туку и претставува дело казниво со закон.

Најпопуларен, иако најчесто несоодветен начин за избегнување плагијат е директно цитирање на зборовите и идеите на другите. Користењето цитати е оправдано само тогаш кога треба да се презентира точната дефиниција на некој концепт така како што ја користи друг автор или кога треба да се нагласи некој специфичен исказ или заклучок изведен од друг автор. Меѓутоа, многу често цитатите се користат за да се наведе нешто што не е доволно разбрано, а се претпоставува дека е точно. Таквата намена на цитатот е крајно неоправдана.

## Релевантни емпириски истражувања

Неопходен дел на секој истражувачки извештај е прегледот на претходно спроведените истражувања во врска со проблемот. Со таквиот преглед се опфаќаат само релевантните истражувања – оние што се директно поврзани со истражувањето што се соопштува.

До емпириските истражувања се доаѓа преку проучување на научно-стручната литература (списанијата и книгите од областа). И теориските формулации кои даваат рамка за дискусија на емпириските наоди од претходните истражувања се откриваат по внимателно проучување на стручната литература.

При прикажувањето на релевантните емпириски истражувања, треба да се следат следниве сугестии:

1. Истражувањата се презентираат со свои зборови. Тоа значи дека не треба да се парафразира директно од трудот – истражувањето треба да се опише без да се препишуваат или да се прераскажуваат реченици директно од консултираниот текст.
2. За секое од релевантните истражувања се презентираат доволно информации што ќе им овозможат на читателите да сфатат зошто и како истражувањата биле спроведени и што било најдено. Истражувањата што се најтесно поврзани со проблемот преку методот што е користен или преку добиените резултати мора да бидат презентирани со повеќе детали за да може читателот да го следи актуелното истражување.
3. Доколку повеќе истражувања се базираат на ист дизајн и иста постапка, не треба сите да се прикажат детално. Се прикажува само едно од нив во детали, се кажува дека другите се слични, а се резимираат само добиените резултати.
4. Истражувањата се изнесуваат со критична нота. Со други зборови, внимателно се проучува истражувањето и се бараат слабостите во поставувањето на проблемот и хипотезите, во начинот на спроведување на истражувањето и во анализата и интерпретацијата на добиените податоци. Тоа понатаму значи дека прегледот треба да ги опфати сите истражувања од областа со неуверливи, недоследни и спротивставени наоди.
5. Прегледот на релевантните истражувања се организира околу варијаблите од актуелното истражување, без притоа да се зема предвид кога се спроведени (иако годината се наведува заедно со авторот/авторите на истражувањето) истражувањата. Инсистирањето истражувањата да се презентираат по хронолошки редослед помалку придонесува за успешно интегрирање на наодите што го појаснуваат проблемот и придонесуваат за интерпретација на добиените резултати.

## Истражувачки хипотези

Прегледот на теориските сфаќања и емпириските истражувања треба да обезбеди оправданост за спроведување на актуелното истражување. Со други зборови, сето претходно изнесено во воведното поглавје треба да нè води кон јасно образложение за дефинирање на користената истражувачка хипотеза (или хипотези).

Кога извештајот од истражувањето се подготвува за печатење во научно-стручно списание, истражувачката хипотеза (или хипотези) не мора секогаш да биде експлицитно формулирана преку директно наведување на исказот за формулација. Умешните истражувачи, при пишувањето на извештајот, можат да го завршат воведното поглавје со искази што ја имплицираат

истражувачката хипотеза, без нејзино директно формулирање.

Кога се работи за дипломски[4], магистерски или докторски трудови што се извештаи од спроведено емпириско истражување, се очекува хипотезите да бидат најексплицитно дефинирани и презентирани. Со оглед на тоа што преку овие трудови кандидатите треба да го верификуваат своето знаење од методологија на научните истражувања, прикажаните формулации служат за проверка колку е тоа успешно совладано.

Прикажаниот пристап во презентирањето на главните поглавја и потпоглавја се однесува пред сé на истражувањата чиј предмет на проучување е поврзаноста меѓу најмалку две варијабли. Со оглед на тоа дека дескриптивните истражувања се базираат на поинаков пристап во дефинирањето на проблемот и немаат за цел тестирање хипотези  (не истражуваат поврзаност помеѓу варијабли), сосема е очекувано од поглавјето *Вовед* да биде исклучено потпоглавјето што се однесува на хипотезите.  Со други зборови, во соопштението не се експлицираат хипотези тогаш кога: (а) целта на истражувањето е дескрипција, без разлика дали истражувањето е квантитативно, квалитативно или комбинирано и (б) кога се работи за квалитативно истражување, кое не започнува водено од хипотеза што треба да се прифати или да се отфрли, туку вообичаено завршува со имплицитна или експлицитна хипотеза, која треба понатаму да се проверува.

При пишување на извештајот, постојано мора да се има на ум дека причините за дефинирање на конкретната хипотеза мора да произлегуваат од презентираниот преглед на литературата. Во таа смисла, прегледот на литературата се прави со цел да се сфати зошто било потребно да се спроведе истражувањето (кој е неговиот потенцијален придонес во областа), но и да се види дека хипотезата е изведена врз основа на сознанијата стекнати со претходно проучување на научно-стручната литертура од областа (од теоријата или од емпириските истражувања).

4 Препорачливо е формулациите на хипотезите во дипломските трудови на студентите по психологија да ги следат насоките што се добиваат преку изучување на предметот Методологија-1 (учебникот: Петроска-Бешка, В. (2009). Подготовка за истражување во психологијата. Скопје: Филозофски факултет)





# МЕТОД

Во поглавјето насловено *Метод* се презентира како е спроведено истражувањето. Притоа, се опишува примерокот испитаници, нацртот на истражувањето, постапката и техниките на прибирање податоци. Ова поглавје мора да понуди доволно информации за да овозможи повторување на истражувањето од страна на други истражувачи, од една страна, но и проценка на соодветноста на спроведеното истражување, од друга.

За да се олесни презентирањето на начинот на кој е спроведено истражувањето, ова поглавје се дели на неколку поглавја. Кои поглавја ќе бидат опфатени и посебно акцентирани, зависи, главно, од применетиот метод на истражување. Меѓутоа, секој извештај во поглавјето *Метод* мора да ги опфати следните поглавја: *Испитаници*, *Мерни инструменти* и *Постапка*.

## ИСПИТАНИЦИ

Во ова поглавје се опишува кои и колку испитаници учествувале во истражувањето. Истовремено се објаснува и на кој начин испитаниците биле избрани да го сочинуваат примерокот.

Во најголемиот број истражувања што се прават во наши услови, примерокот не се формира со случаен избор на испитаниците. Многу често се работи со ученици, со студенти или со вработени во некои работни организации до кои полесно се доаѓа. Доколку изборот е извршен врз основа на некој критериум, тоа мора да се назначи – да се каже зошто се избрани токму тие испитаници. Притоа е вообичаено како критериуми за избор да се користат некои релевантни карактеристики на испитаниците, како што се: образовното ниво, социоекономскиот статус, местото на постојано живеење, вработеноста во определени работни организации, студирањето за одделни занимања, итн. Во описот на примерокот се презентираат и демографски податоци за испитаниците што можат да бидат релевантни за читателот – се кажува колку од испитаниците се машки, а колку женски, колкава е нивната просечна возраст итн (Пример 2).

# ПРИМЕР 2.
## ОПИС НА ПРИМЕРОКОТ ИСПИТАНИЦИ

- Во истражувањето е користен пригоден примерок, кој има вкупно 256 испитаници (120 машки и 136 женски), сите студенти на прва година на Тетовскиот универзитет. Во примерокот се вклучени студенти од пет различни факултети: 47 од Филозофскиот факултет (19 машки и 28 женски), 50 од Медицинскиот факултет (24 машки и 26 женски), 53 од Економскиот факултет (25 машки и 28 женски), 57 од Природно-математички факултет (39 машки и 18 женски) и 49 од Филолошкиот факултет (13 машки и 36 женски). Факултетите се избрани под претпоставка дека ги одразуваат разликите меѓу студентите со различни професионални интереси.

- Примерокот го сочинуваат жители на Битола, Охрид и Тетово, како градови-претставници на западниот дел од Македонија и жители на Гевгелија, Штип и Кочани како градови претставници на источниот дел на Македонија. Градовите се избрани по случаен пат, со помош на компјутерска рандомизација. Сите испитаници се на возраст од 35 до 45 години (просечната возраст е 38 години и 5 месеци.) Примерокот е систематски формиран со случаен избор на испитаниците, врз основа на изборните списоци на жителите што се на споменатата возраст. Вкупниот број испитаници во примерокот изнесува ... Од тоа... се машки, а ... се женски. Секој град е застапен со...

Во ситуации кога примерокот треба да се опише според неколку релевантни карактеристики, многу е корисно, наместо со долг вербален опис, да се прикажат во табела (Пример 3). При тоа, треба да се внимава, табелата навистина да го олесни читањето на информациите за примерокот, а не да внесе дополнителна конфузија.

# ПРИМЕР 3.
## ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ПРИМЕРОКОТ ИСПИТАНИЦИ

| | | **Етничка припадност** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | |
| | | **пол** | | | |
| | | машки | женски | машки | женски |
| **Брачен статус** | сам/а | 20 | 10 | 10 | 5 |
| | во брак | 50 | 30 | 15 | 30 |
| | разведен/а | 5 | 5 | 5 | 0 |
| | вдовец/ица | 5 | 15 | 0 | 5 |
| | **ВКУПНО** | **80** | **60** | **30** | **40** |

Емпириското истражување може да биде комбинирано – освен квантитативни податоци, да користи и квалитативни за да ги дополни, да ги дообјасни или да ги збогати наодите добиени со квантитативниот метод, Тогаш е вообичаено да се користи дел од примерокот (селектиран намерно за потребите на квалитативната анализа) што веќе е избран за прибирање на квантитативните податоци, но дополнително може да се избира друг примерок, за кој се смета дека ќе обезбеди важни податоци. И во двата случаја, во ова потпоглавје мора да се дадат посебни информации за составот на примерокот користен за прибирање на квалитативните податоци, но и за тоа која била причината токму тие испитаници да го сочинуваат намерно избраниот примерок за прибирање ваков вид податоци. Многу е корисно информациите за испитаниците да бидат колку што е можно подетални, но при тоа треба да се води сметка да не се провлечат ненамерни знаци што ќе укажат на нивниот идентитет (Пример 4).

# ПРИМЕР 4.
## ОПИС НА ПРИМЕРОКОТ ОД КОЈ СЕ ПРИБИРАНИ КВАЛИТАТИВНИ ПОДАТОЦИ

**Кога е дел од примерокот користен за квантитативните податоци:**

- Од пригодниот примерок, кој се состои од 256 студенти на прва година на УКИМ, избрани се 20 испитаници од машки пол и 20 од женски, кои имаат најнизок скор на димензијата *невротичност* и истовремено, најнизок скор на прашалникот за *задоволство од животот,* за да бидат интервјуирани. Изборот токму на овие испитаници се должи на претпоставката дека...

**Кога е независно избран примерок:**

- Со цел да се добијат податоци за... избрани се 22 жени на возраст од 35-45 години што имале искуство со ...во последните 5 години. Сите работат во...и доброволно се пријавија да учествуваат во фокус-групите. Со оглед на бројот на испитанички, тие беа поделени во две различни групи, според степенот на образование – во едната, учествуваа тие што имаат максимум средно образование (N=14), а во другата, тие со високо образование (N=8)...

### Мерни инструменти (апаратура / материјали)

Во овој дел од соопштениeто се објаснува како се дошло до мерките на варијаблите што биле предмет на истражувањето. Објаснувањето, всушност, претставува операционализирање на мерените варијабли, при што се опишуваат тестовите, прашалниците, листите за посматрање или другите применети мерни инструменти, заедно со постапката за доаѓање до податоците што се потоа предмет на статистичка анализа (Пример 5).

# ПРИМЕР 5.
## ОПИС НА МЕРНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ

- За мерење на ставот спрема рамноправноста меѓу мажите и жените користен е прашалник изработен од страна на Илиевски (1986). Прашалникот се состои од ...прашања на кои се одговара така што... Скорот на испитаникот е пресметуван како... Притоа, повисок скор означува ..., а понизок ...

- Помнењето се изразува преку бројот на точно репродуцирани бесмислени слогови по три повторувања на листа од 10 слога. Листата ја сочинуваат 10 бесмислени слогови составени за потребите на истражувањето: ЗЕП, НЕФ, КОМ...

Доколку пак во истражувањето била користена оргинална или нестандардна техника на прибирање податоци, препорачливо е да се даде на увид на јавноста, во *Прилог,* кој може да следи на крајот на трудот.

Кога како техника за прибирање квалитативни податоци се користат интервју или фокус-групи, во посебен прилог обврзно се наведуваат прашањата што биле поставувани. Ако, пак, се користела анализа на документи што не се официјални (како на пример: цртежи, фотографии, лична преписка или слично), тие може да се вклучат и во интегралниот текст како поддршка на изведената анализа. Се разбира, основната претпоставка за тоа е добивање дозвола од страна на оние во чија сопственост се конкретните материјали.

## ПОСТАПКА

Во поглавјето со овој наслов се прикажува како било спроведено истражувањето од моментот откако е формиран примерокот испитаници, па сè до моментот кога е собран и последниот податок за потребите на истражувањето. На тој начин, на читателот му се презентира што правеле и истражувачот и испитаниците и како го правеле тоа. Тоа значи дека приказот на постапката треба да го опише применетиот нацрт на истражување и да ги вклучи сите инструкции и промени на условите што произлегле од истражувачот и сите активности што ги изведувале испитаниците (Пример 6).

Доколку во истражувањето е вклучена варијабла со која активно се манипулира, начинот на нејзино варирање/манипулирање се опишува тука. На тој начин се нуди операционализација на овој вид варијабли.

Доколку користениот методот на истражување е комбиниран (квантитативен и квалитативен), описите на постапките што се дел од ова поглавје мора да се издвојат. Тоа е најдобро да се направи во рамки на засебни поднаслови (Пример 6.).

## ПРИМЕР 6.
### ОПИС НА ПОСТАПКАТА

**квантитативен метод:**

На испитаниците од контролната и експерименталната група прво им се читаше листа од 10 бесмислени слога, која сите ја научија по шест повторувања. Потоа, додека испитаниците од контролната група појадуваа, во текот на еден час, испитаниците од експерименталната група учеа телефонски броеви на 20 измислени лица, наведени по име и презиме. По изминувањето на времето, од испитаниците од двете групи се бараше повторно да ја репродуцираат претходно учената листа од 10 бесмислени слога...

**квалитативен метод:**

Сите испитанички беа интервјуирани во текот на декември 2010 година. Интервјуата беа снимани на аудиолента со претходна дозвола на испитаничките, на кои им беше објаснето дека веднаш по обработката на резулатите записите ќе бидат уништени и дека ќе се преземат сите неопходни мерки да се заштити нивниот идентитет. Исто така, им се објасни дека доколку се користат цитати од интервуата, тоа ќе биде правено откако нивниот идентитет ќе биде изменет (со друго име) и врз основа на претходно добиена согласност од нив дека изменетиот идентитет може да биде презентиран. Интервјуата траеја 40-60 минути, а се одвиваа во просториите на *Центарот за згрижување* ...



# РЕЗУЛТАТИ

Во ова поглавје се презентираат и се резимираат резултатите од статистичката анализа на податоците. Притоа, се прикажуваат само резултатите релевантни за изведување заклучоци во врска со истражувачките хипотези. Истовремено, треба да се има на ум дека во ова поглавје се известува за она што е најдено, а не и за значењето на наодите. Со други зборови, преку резулататите од статистичката анализа се илустрира фактичката состојба, а не се образложуваат неочекуваните наоди, ниту, пак, се изведуваат заклучоци од добиените резулатати.

Презентацијата на резултатите треба да опфати:

### 1. ОПИС НА НАЧИНОТ НА КОЈ Е ИЗВЕДЕНА МЕРКАТА ЗА ИСПИТАНИКОТ

Ваквиот опис е од особено значење кога мерките на кои се базираат резултатите од истражувањето не се совпаѓаат со мерките што се добиени директно, со примената на мерниот инструмент, туку со помош на нивна трансформација (Пример 7.). Притоа, поедничните мерки на испитаниците не се презентираат. Во пообемните трудови, какви што се дипломските работи и дисертациите, обично се ставаат во *Прилог* на крајот на трудот.

## ПРИМЕР 7.
### ОПИС НА НАЧИНОТ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ

Мерката што ја претставува брзината на реакцијата на ипитаникот е изведена како просечно време на реакции измерени во десет последователни наврати.

## 2. НАВЕДУВАЊЕ НА НАОДИТЕ ОД ПРИМЕНЕТАТА ДЕСКРИПТИВНАТА СТАТИСТИКА

Кои статистици ќе бидат презентирани притоа зависи од природата на добиените мерки, како и од методот и нацртот на истражувањето. Може да се работи за аритметички средини придружени со стандардни отстапувања, или медијани придружени со соодветни мерки на варијабилноста или само фреквенции претворени во проценти или во пропорции. Во корелациските студии се презентираат и соодветни коефициенти на корелација заедно со бројот на испитаници на кои се однесуваат коефициентите.

За да се олесни презентирањето на резултатите често се препорачува користење табели и графици. Табелите и графиците (како и сликите што по некој повод можат да се вметнат во текстот) мораат да бидат нумерирани и соодветно насловени. При тоа, насловот на табелите секогаш се става НАД нив, а насловот на графиците (и сликите) ПОД нив (Пример 8).

# ПРИМЕР 8.

**Наслов на табела** *(се става НАД табелата)*

*Табела 5.* Постигнувањата на машките и женските испитаници на применетите тестови, изразени во вид на аритметичка средина (M) и стандардни отстапувања (SD)
[*место за табелата*]

**Наслов на график** *(се става ПОД графикот)*

[*место за графикот*]
*График 3.* Разлики во ставовите на мажите и жените спрема родовата рамноправност

Нумерирањето на табелите и графиците (и сликите) се прави со конкретна цел. Со оглед на тоа дека тие служат за да илустрираат определени податоци, текстот треба да се повика на нив, со наведување на бројот на табелата, односно графикот (сликата) во пасусите што се однесуваат на прикажаните податоци. Притоа, зборовите *Табела, График* (*Слика*) се пишуваат со голема буква.

## 3. НАВЕДУВАЊЕ НА НАОДИТЕ ОД ТЕСТИРАЊЕТО НА НУЛТАТА ХИПОТЕЗА

Она што се образложува во поглавјето *Резултати,* е дали од анализата произлегуваат податоци што оправдуваат прифаќање на статистичката хипотеза (неприфаќање на алтернативната) или обратно. Кога се тестираат повеќе истражувачки супхипотези или хипотези, добро е да се обележи со поднаслов на која (пот)хипотеза се однесуваат резултатите.

Кои постапки на статистиката на заклучување ќе бидат прикажани, зависи од тоа за кои статистици е проверувана значајноста на разликите. Треба да се има предвид дека постојат меѓународно усвоени начини на презентирање на резултатите од примената на тестовите на значајност (Пример 9). Тие бараат, покрај добиената вредност на тестот и нивото на значајност, да се наведат и степените на слобода (во заградата, по наведениот симбол за користениот статистички тест), а понекогаш и бројот на испитаниците (означени со *N* кај Хи-квадратот, односно наведени под *n* кај корелацијата). Притоа, кратенките со кои се означуваат статистичките тестови ($t$, $F$, $\chi^2$, $r$) и веројатноста ($p$) се пишуваат накосено, а бројките - исправено.

Правописните правила на македонскиот јазик наложуваат децималните броеви да се пишуваат со запирка. Во најголемиот број странски публикации, наместо запирка се става точка за истата намена

# ПРИМЕР 9.
## НАВЕДУВАЊЕ НА НАОДИТЕ ОД СТАТИСТИКАТА НА ЗАКЛУЧУВАЊЕ

– Резултатите од спроведената анализа укажуваат дека момчињата се значајно поагресивни од девојчињата ( $t(28) = 5{,}83$, $p < 0{,}01$).

– Најдена е статистички значајна разлика помеѓу постигнувањата на тестот по математика во услови на трите вида на бучава ( $F(2; 27) = 1{,}68$, $p > 0{,}05$).

– Студентите по психологија имаат значајно поизразена тенденција да се класификуваат себеси како хуманисти отколку што е тоа случај со студентите по машинство ($\chi^2(1; N=60) = 14{,}4$, $p < 0{,}01$).

– Резултатите добиени на студентите по психологија ($n = 82$) покажаа дека емоционалната и апстрактната интелигенција не се поврзани ( $r = 0{,}02$, $p = 0{,}87$).

Доколку, пак, резултатите од тестирањето на нултата хипотеза се прикажуваат во табела, вообичаено е значајноста на тестот да биде означена и во самата табела со ѕвездичка, која ќе биде потоа доведена во врска со нивото на значајност што го симболизира (една за ниво на значајност 0,05, а две за ниво на значајност 0,01), или со директно наведување на нивото на значајност преку *p*-вредноста.

Во ова поглавје не се презентираат формулите што се користени за статистичка обработка на податоците. Доволно е да се наведе кои статистички постапки се користени и кој вид статистици се пресметани. Во исклучителни ситуации, кога авторот има користено нови, нестандардни или невообичаени статистички постапки, формулите што ги има применето обично се презентираат и тоа најчесто во *Прилог* на крајот на соопштението.

Ако применетиот метод на истражување е комбиниран (содржи и квалитативен дел, освен квантитативниот), во ова потпоглавје се наведуваат и наодите добиени со квалитативна анализа што истражувачот смета дека се илустративни за да ги поддржат резултатите добиени за хипотезите, или, пак, оние што се чинат контрадикторни (доколку постојат и такви). Добро е наодите од квалитативната анализа да се презентираат под секоја од тестираните (суп)хипотези, и тоа со посебен поднаслов, за да се знае на што се однесуваат, иако постојат и случаи каде што е подобро да се издвојат како посебна целина.

Наодите од квалитативните истражувања типично се презентираат низ заклучоци што се констатации за откриените тенденции, главни теми или обрасци, а потоа се илустрираат со една или со две типични изјави наведени од испитаниците (или друг материјал, ако се прави анализа на документација). Притоа, треба се води сметка дека изјавите, какви и да се, се даваат во оригиналната верзија, онака како што се изречени (Пример 10). Ако е релевантно (обично за помали примероци, каде што се знаат повеќе демографски детали за учесниците), под цитатот се пишува сменетото име на испитаникот/испитаничката што ја дал/а таа изјава или само се наведуваат една или две негови/нејзини најбитни карактеристики (на пример, *ученичка, Албанка*).

# ПРИМЕР 10.
## НАВЕДУВАЊЕ НА НАОДИТЕ ОД КВАЛИТАТИВНАТА АНАЛИЗА

Резултатите од тестирањето на хипотеза 1. покажаа дека учениците што имаат поизразена потреба од избегнување неизвесност, полесно учат кога наставниците предаваат на традиционален начин од учениците чија потреба од избегнување неизвесност е ниска. Ваквиот наод беше потврден и од изјавите на учениците во спроведените фокус групи, а објаснет или низ потребата од структура и предвидување на исходите, или пак, преку примери на слаба инволвираност на наставниците. Еден од учесниците во групата со високо изразена потреба од избегнување неизвесност изјави:

> „Мене ми е поубаво кога знам точно што се бара од мене да знам, дури и да се бара најтешкото или најглупавото нешто. Ако треба, ќе го научам напамет. Вака, кога треба да барам сам или да работам со други, не знам ни што треба, ни што е важно, ни што ќе ме праша наставничката."

*(ученик, VIII одделение)*



# ДИСКУСИЈА

Во поглавјето насловено како *Дискусија,* се интерпретираат резултатите - се кажува што значат добиените резултати. Притоа, интерпретацијата во голема мера се потпира на прегледот на литературата презентиран во воведното поглавје. Затоа е многу тешко да се напише соодветна дискусија за резултатите ако не е направен задоволителен преглед на литературата од областа и ако не се јасно образложени истражувачките хипотези. Тоа понатаму значи дека дискусијата нема да биде успешна доколку не е јасно сфатена врската помеѓу актуелното и претходните истражувања.

Дискусијата се базира врз:

## 1. ИЗВЕДУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ

Дискусијата започнува со констатација дека добиените резултати ја поддржуваат (или не ја поддржуваат) истражувачката хипотеза. Доколку се тестирани повеќе хипотези може да се случи резултатите да поддржуваат само некои од нив и тоа треба многу јасно да се каже и образложи.

## 2. ПОВРЗУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ СО ПРЕТХОДНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

Резултатите и заклучоците се дискутираат и во контекстот на истражувањата прикажани во воведното поглавје. Затоа се препорачува накусо да се спомене со кои студии се конзистентни добиените резултати,  а со кои не се согласуваат. Една од најчестите слабости на извештаите на почетниците може да се најде токму во сиромашните дискусии. Целта на дискусијата не е само малку поопширно да се повторат наодите соопштени во поглавјето *Резултати* туку и да се сместат во контекст на некоја од наведените теориски концепции или модели, да се споредат со релевантните емпириски податоци и да се осмислат.





## 3. ОБЈАСНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Резултатите се поставуваат во поширок контекст – се дискутираат теориските и практичните импликации на изведените заклучоци. Можно е наодите од истражувањето да овозможат натамошни генерализации на резултатите од претходните истражувања, но и да ги ограничат генерализациите изведени од претходните истражувања. Во случај резултатите од статистичката обработка да не ја поддржат тестираната хиопотеза, и тогаш се нуди објаснување на резултатите преку наведување на можните импликации.

## 4. РАЗМИСЛУВАЊЕ ЗА МОЖНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Без оглед на тоа дали е истражувачката хипотеза потврдена или не е, сите методолошки проблеми што се јавиле во текот на истражувањето треба да се наведат. Притоа се нуди и образложение за можните последици врз добиените резултати. Вообичаено е да се дискутира и можноста за генерализирање на резултатите со нагласување на ограничувањата во популацијата на која се однесуваат изведените заклучоци.

## 5. НУДЕЊЕ СУГЕСТИИ ЗА НАТАМОШНИ ИСТРАЖУВАЊА

Никогаш не е доволно само да се каже дека е потребно понатамошно истражување на проблемот. Секогаш треба да се објасни зошто проблемот заслужува и понатаму да се истражува и како би можело да се направи тоа. Притоа, се земаат предвид сите ограничувања на актуелното истражување.



# ЛИТЕРАТУРА

Сите извештаи од истражувањата вклучуваат и список на користена литература. Списокот *мора* да ги вклучи сите примарни и секундарни извори на информациите наведени во извештајот. Притоа, списокот *не треба* да ги содржи другите трудови што се користени во некоја од фазите на истражувањето, а не се директно цитирани или парафразирани во извештајот. Се настојува списокот да се ограничи само на трудовите што се споменати во извештајот, бидејќи, во спротивно, не е јасен критериумот кои трудови треба да го сочинуваат списокот. Така, за неоправдана се смета честата практика истражувачите во користена литераура да ги наведуваат различните учебници по статистика или методологија што ги консултурале во некоја од фазите на истражувањето или на пишувањето извештај, освен ако во извештајот не се повикуваат експлицитно на некоја идеја, сугестија или барање што произлегло од нив.

Користената литература во списокот се пишува онака како што е во оригиналот. Со други зборови, трудовите се наведуваат на кирилица или на латиница (или, можеби, некое друго писмо), зависно од тоа како се напишани. Тоа значи и дека трудовите на странски јазик се наведуваат на изворниот јазик, со изворното писмо.

Списокот на користената литература се формира по азбучен редослед според презимето на авторот. Дали притоа, ќе се користи редоследот на кириличната или на латиничната азбука зависи од тоа дали во списокот на литературата доминираат трудови на кирилица или на латиница.

При формирањето на списокот прво се наведува авторот со презимето и иницијалот од името, потоа годината на издавање на делото во заграда, па насловот на трудот, градот и издавачката куќа (доколку се работи за книга) или називот, бројот на списанието и страниците каде што се наоѓа трудот (доколку е во прашање статија). Притоа, насловот на книгата, односно називот и бројот на списанието, посебно се истакнува (со потцртување, накосување ИЛИ затемнување). Интерпункциските знаци не се ниту произволни ниту ирелевантни, па затоа треба да се бележат онака како што е наведено во примерите (Пример 11).

# ПРИМЕР 11.
## НАВЕДУВАЊЕ КНИГИ И СПИСАНИЈА ВО СПИСОКОТ НА ЛИТЕРАТУРА

**Кога трудот е книга** *:*

- Мицевски, Д. (2015). *Анксиозноста како извор на фрустрации*. Мисла.
- Murphy. J. H. & Fisher, K.M. (1995). *International Behavior*. McGrow-Hill.
- Cage, L. P., Darle, L., Hayek, M. G., & Rush, M. F. (2015). *Malnutrition in children: A New Challenge (3rd ed.)*. Mosby

**Кога трудот е статија во списание:**

- Bošnjak, K. (1990). Inteligencija i kreativnost. *Psihologija, 3,* 15-21. https:/doi.org/10.1007/578-90-481-2473-1
- Мицевски, Д. (2007). Анксиозноста како извор на фрустрации. *Просветно дело, 1-2,* 198-205.

**Кога трудот е поглавје во книга што е збир од трудови под ист наслов:**

- Glazer, M. & Lightenstein, P. (1919). Peer learning. In G. Bright and P. Smith (Eds.). *Social Cognition* (pp. 97-125). Harvester. https:/doi.org/10.1707/978-90-481-2473-2
- Најчевска, Н. (2016). Про или контра абортус. Во Х. Атанасов (ур.). *Конзервативизмот во Македонија во XXI век* (стр.11-29). Скопје: Статива Мак

Доколку трудот има повеќе автори, се наведуваат сите, а редоследно се зема предвид првиот автор. Доколку, пак, во списокот треба да се наведат повеќе дела од истиот автор, се зема предвид годината на печатење на трудот и се води сметка за хронолошкиот редослед на публикување на трудовите. Притоа, прво се наведуваат постарите, а потоа поновите трудови на истиот автор.

Понекогаш трудот е поглавје од редактирана збирка (компилација) од трудови на слична тема. Тогаш, во користената литература, поглавјето се наведува како во посочениот пример: најпрво авторот/авторите, па годината на издавање, насловот на поглавјето, па потоа следува зборот „Во“ доколку компилацијата е на македонски, односно „In“, доколку е на странски јазик. Потоа се пишува името или имињата на уредниците, но во овој случај, прво со иницијалите од името, па потоа целото презиме, проследено со назнака дека се работи за уредник/уредници (редактор/редактори), по што следуваат насловот на книгата (накосен, или потемнет, или подвлечен), страниците во книгата каде што се наоѓа трудот, местото на издавање и издавачката куќа (Пример 11).

Во поново време, често се укажува на потребата да се цитираат интернет- извори како консултирана литература. Веројатно не е излишно да се нагласи дека не е секој извор на оваа мрежа сигурен и дека трудот би изгледал несериозно доколку во него доминираат наводи од страници на кои информации (или дезинформации) може да објави кој сака. Веб-страните што се користени при цитирање или парафразирање се посочуваат во литературата на различни начини, зависно од тоа дали зад трудот стои автор или институција и дали имаат идентификациски број или не. Притоа, на крајот на посочената интернет адреса од која е преземен трудот не се става точка, што е, инаку, задолжително при наведување на другите извори (Пример 12).

Многубројни издавачки куќи практикуваат издавање научно-стручни списанија или книги што се целосно достапни на интернет (за сите, или за поединци, односно

организации- членови). Таквите извори се сметаат за целосно легитимни и се наведуваат исто како другите списанија или книги, со таа разлика што на крајот се додава т.н. DOI (digital object identifier) број, кој може да се прочита во горниот лев агол на првата страница на текстот од списанието што се наведува  (Пример 12).



# ПРИМЕР 12.
## НАВЕДУВАЊЕ НА ТРУДОВИТЕ НАЈДЕНИ НА ИНТЕРНЕТ ВО СПИСОКОТ НА ЛИТЕРАТУРА

**Кога се наведува трудот зад кој стои организација или институција, а не автор, подигнато од интернет:**

- Canadian Cancer Society. (2013, April 14). *Cancer research.* http://www.cancer.ca/en/cancer-information/cancer-101/cancer-research/?region=on

**Кога се наведува вебстрана со индивидуален автор:**

- Monag, E. (2020, December 10). *Reasons for divorce in Covid crisis. Psychology Today.* https://www.psychologytoday.org/ /story/reasons-for-divorce-in-Covid

**Кога се наведува поглавје во редактирана збирка преземено од интернет:**

- Stockert, P. A. (2014). Anxiety. In P. A. Potter, (Ed.), *Fundamentals of psychology* (pp. 990-1002). http:// httpd.apacairhe.org/docs/

**Кога се наведува списание (или книга) што може да се чита на интернет:**

- Hansen, C. H., & Hansen, R. D. (2005). Finding the face in the crowd: An anger superiority effect. *Journal of Personality and Social Psychology,* 54, 917–924. doi: 10.1037/0022-3514.54.6.005

**Ако се наведува блог од кој е изваден цитат или идеја:**

- Buddy, D. (2015, June 12). Fun in cities: Feature, not bug. *Wired Science.* http://www.wired.com/wiredscience/2012/06/fun-in-cities-feature-not-bug/

Стандардни начини на наведување постојат и тогаш кога се работи за  статии во весници, енциклопедии или, пак, необјавени научни трудови (Пример 13).





# ПРИМЕР 13.
## НАВЕДУВАЊЕ СТАТИИ ВО ВЕСНИЦИ, ЕНЦИКЛОПЕДИИ И НЕОБЈАВЕНИ НАУЧНИ ТРУДОВИ

**Извештај или постер презентиран на некој научен собир:**

- Kening, I. & Spasovski, R. (2020, October 21–25).*Violence against women and girls in public spaces in the Republic of Macedonia* [Paper presentation]. eResearch CICE Conference, Prague, Chech Republic. https://cicepr.ly/2v1CjRg

**Извештај од конференција објавен во збирка:**

- Wong, P., Petroska-Beshka, V. & Kenig, N. (2008). *Ethnic conflicts from gender prespective. Proceedings of the Fifth ETCAL Conference,* 1(34, 125-135.

**Докторски или магистерски труд објавен онлајн:**

- Miller, T. (2021). Enhancing readiness: An exploration of the online psychotherapy [Master's thesis, Middlesex University of London]. ResearchGate. https://researchgate/handle/10292/12338

**Необјавен докторски или магистерски труд:**

- Петровска, П. (2001). Когнитивниот развој и самодовербата во периодот на претпубертетска возраст. [Необјавена докторска дисертација]. Универзитет „Св. Кирил и Методиј".

**Кога се цитира или се соопштува од статии од весници:**

- Костовски, М. (2008, 13.ноември). Нови вработувања во државната администарација. Дневник, 8.
- Mood, K. (2019, March 21). Almost half of participants tested failed. New Zealand Herald. https://www.nzherald.co.nz/business/news/article.cfm?c

**Кога се цитира или соопштува од статии од весници без автор:**

- New Unidentified Virus Kills Ten People in India. (2005, May 5). *The Wall Street Journal,* p. A9.

**Ако трудовите се енциклопедии или речници со автор или уредник:**

- Walls, S. (Ed.). (2000). New Dictionary of Synonims. (2nd ed., vol. 1).  Growe.

# РЕЗИМЕ

Резимето е најконцизна верзија на извештајот, која не смее да надминува обем од една страница отчукана со т.н. новинарски проред (двоен). Во резимето кратко и јасно се презентираат: истражувачкиот проблем, примерокот испитаници, инструментите и постапката, резултатите и заклучоците.

Резимето служи да им помогне на потенцијалните читатели да се решат дали да го прочитаат целиот извештај , односно дали се воопшто заинтересирани за извршеното истражување. Токму затоа, во резимето се вклучуваат само суштинските информации, кои и самиот автор на извештајот би сакал да ги прочита кога би му било непознато истражувањето и кога би сакал да процени дали направеното истражување би му било корисно.

Во повеќето меѓународни списанија резимето се печати на почетокот на извештајот, а во домашните извештаи (особено кога се дипломски, магистерски или докторски трудови) се практикува да се става на крајот. Резимето приложено во статиите печатени во меѓународно признатите списанија, се внесува како податок во соодветниот индексен систем на печатена литература од областа. За статиите печатени во психолошките списнаија од тој вид, резимеата до скоро се печатеа во Психолошките апстракти (Psychological Abstracts) во издание на Амерканската психолошка асоцијација. Во поново време, резимеата се внесуваат во соодветни компјутерски датотеки, кои им овозможуваат брзо пребарување на сите заинтересирани од областа.

* * * * *

Предложената структура на истражувачкиот извештај во нејзините главни поглавја би требало да се однесува на соопштување на сите видови емпириски истражувања. Истовремено треба да се има предвид дека варијациите во должината, предметот, целите и намената на соопштението можат да влијаат врз организацијата и елаборацијата на истражувачкиот извештај. Тоа значи дека извештајот може да го нагласува мерењето, изворот на примерокот или некој друг елемент, зависно од природата на самото истражување.


27

# НАВЕДУВАЊЕ НА КОРИСТЕНИТЕ ИЗВОРИ ВО ВОВЕДОТ И ВО ДИСКУСИЈАТА

Прегледот на литературата што се прави за потребите на градење теориска позадина и за потребите на презентирање на релевантните емпириски истражувања се базира на: (а) примарни извори на информации и (б) секундарни извори на информации.  Кога се користат **примарни извори на информации**, пред себе се имаат оргиналните трудови, во кои се изнесени истражувањата, односно сфаќањата на самите автори што се наведуваат во извештајот. Кога примарните извори не се достапни, а за истражувањата или за сфаќањата на авторите што се посочуваат во извештајот се чита од трудови (статии/книги) на други автори, всушност, се користат **секундарните извори на информации**.

Прегледот на литературата се повикува на претходно спроведени истражувања, односно на изнесени сфаќања на други автори. Доколку се користени примарни извори на информации, релевантните сфаќања и истражувања се наведуваат во извештајот на тој начин што се наведува презимето на авторот и годината кога се објавени (Пример 14.). Читателот може да утврди за која статија или книга станува збор ако ги побара авторот и годината во списокот на користената литература, кој секогаш се наведува на крајот од соопштението. Притоа, странските автори секогаш се наведуваат во писмото/јазикот во кое е напишан трудот што се користи. Доколку името на странскиот автор се наведува надвор од заграда, како дел од текстот, најпрво се пишува неговата македонска транскрипција, но во заграда мора да следува и името онака како што е напишано во користениот труд (Табела 1.).

# ПРИМЕР 14.
## КОРИСТЕЊЕ ПРИМАРНИ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ[5]

**Еден автор / еден извор:**

- Анксиозноста може да се дефинира како ... (Foster, 1990)
- Ачковска (1981) спровела истражување во кое...

**Два и повеќе автори / еден извор:**

- Според Трајковски и Попова (1987), анксиозноста е ...
- Во истражувањето на Арнаудова и сор. (1991) се прикажуваат наоди од...

**Еден автор / повеќе извори:**

- Во неколку наврати, Тејлор (Taylor, 1978,1980,1986) го истражувала...

**Два и повеќе автори со слични сфаќања или наоди / различни извори:**

- Повеќе автори (Smith,1986, Трајковски и Попова, 1989; Piaget et al., 1990) зборуваат за анксиозноста како...



Доколку релевантните сфаќања и истражувања имаат повеќе од двајца автори, во текстот се наведува презимето на првиот и годината во заграда, и се додава со сор. (со значење со соработници), или ако авторите се странски, се додава et al. (со исто значење, на латински), пред да се спомене годината (Табела 1).

5 Сите наведени примери се хипотетички – не се однесуваат на постојни истражувања или сфаќања.

**Табела 1. Основни начини на наведување на авторите на користените трудови**

| | Прво појавување во текстот – домашен/ни автор/и | Следно/следни појавувања во текстот – домашен/ни автор/и | Прво појавување во текстот – странски автор/и | Следно/следни појавувања во текстот – странски автор/и |
|---|---|---|---|---|
| Еден труд од еден автор | Иванов (2005)<br>(Иванов, 2005) | Иванов (2005)<br>(Иванов, 2005) | Браун (Brown, 2005)<br>(Brown, 2005) | Браун (Brown, 2005)<br>(Brown, 2005) |
| Еден труд од двајца автори | Иванов и Глигорова (2003)<br>(Иванов и Глигорова 2003) | Иванов и Глигорова (2003)<br>(Иванов и Глигорова 2003) | Браун и Блек (Brown & Black, 2003)<br>(Brown & Black, 2003) | Браун и Блек (Brown & Black, 2005)<br>(Brown & Black, 2005) |
| Еден труд од тројца и повеќе автори | Арифи и сор. (2002)<br>(Арифи и сор, 2002) | Арифи и сор. (2002)<br>(Арифи и сор, 2002) | Смит и соработниците (Smith et al., 2011)<br>(Smith et al., 2011) | Смит и соработниците (Smith et al., 2011)<br>(Smith et al., 2011) |
| Групи/организации со препознатливи скратеници | Биро за развој на образованието (БРО, 2007)<br>(Биро за развој на образованието [БРО], 2007) | БРО (2007)<br>(БРО, 2007) | Светска здравствена организација – СЗО (World Health Organization [WHO], 2007)<br>(World Health Organization [WHO], 2007) | СЗО (WHO, 2007)<br>(WHO, 2007) |
| Групи/организации без препознатливи скратеници | Филозофски факултет (2003)<br>(Филозофски факултет, 2003) | Филозофски факултет (2003)<br>(Филозофски факултет, 2003) | Универзитетот Колумбија (Columbia University, 2003)<br>(Columbia University, 2003) | Универзитетот Колумбија (Columbia University, 2003)<br>(Columbia University, 2003) |

Понекогаш како автор се јавува некоја група или организација, како Светската здравствена организација, Обединетите нации и слично. Тие, главно, имаат долги имиња и релативно познати скратеници на името. Кога се појавуваат во текстот за првпат, во средна заграда, пред годината, треба да се напишат целото име и скратеницата, а при понатамошните споменувања се користат само скратениците и годината (Табела 1).

Може да се случи еден автор или група автори да бидат застапени со повеќе прилози. Тогаш авторите се наведуваат еднаш, а годините ги прецизираат прилозите. Можно е зад едно исто сфаќање или слични наоди да стојат повеќе автори. Во таков случај, секој се наведува со соодветната година. Ако, пак, се случи еден автор да издаде повеќе од едно дело во иста година, тогаш, веднаш до годината, се означуваат со различна мала буква за да се одделат едно од друго. Истото обележување се прави и во списокот на користена литература – на пример, 2008а и 2008б.

Доколку се користени секундарни извори на информации (најчесто затоа што примарните биле недостапни), во списокот на користена литература на крајот на соопштението не смеат да се наведат оригиналните извори. При споменување на авторите на оригиналните трудови во воведното поглавје, неопходно е да се наведе и секундарниот извор на информации, кој потоа ќе се бара во наведената литература (Пример 15.).

## ПРИМЕР 15.
### КОРИСТЕЊЕ НА СЕКУНДАРНИ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ

- Во истражувањето на Трајковски (1981) анксиозноста се третира како... (според Лазарова, 1990).
- Според Лазарова (1989), Смит и соработниците (Smith et al.,1978) тврдат дека ...
- Фостер (Foster, 2002) тврди дека ... (според Јанкуловска, 2009).

Доколку авторот на соопштението има потреба да цитира нешто од друг автор (или автори), цитираниот текст го обележува со наводници. Освен тоа, покрај презимето на авторот (презимињата на авторите) и годината, ја наведува и страницата на која се појавува текстот што се цитира (Пример 16.).

# ПРИМЕР 16.
## ЦИТИРАЊЕ НА ДРУГ АВТОР (ИЛИ АВТОРИ)

**Од примарни извори на информации**

- Според Taylor (Тејлор, 1987) "анксиозноста е ..."(стр. 134)

**Од секундарни извори на информации :**

- Стојанов и сор. (1978) ја дефинираат анксиозноста како „..."(според Лазаров 1989, стр. 204).

Цитатите се вметнуваат во иста линија со текстот ако нивната должина не надминува 40 збора. Подолгите цитати се издвојуваат од текстот во посебен, повлечен параграф, при што станува непотребно да се користат наводници (Пример 17). Понекогаш е неопходно, поради должината на цитатот, да се скрати дел од текстот. Кратењето се означува со пишување три точки на местото на испуштениот текст што е дел од реченица или четири точки, доколку се испуштени цели реченици.

# ПРИМЕР 17.
## ЦИТИРАЊЕ НА ТЕКСТ ПОДОЛГ ОД 40 ЗБОРА

Бирото за развој на образованието го споделува ставот на УНИЦЕФ за базичните претпоставки на стекнувањето на животните вештини:

> „Образованието за животни вештини (ОЖВ) поаѓа од базичната премиса дека стекнувањето животни вештини е право на секое дете. Тоа го прави релевантно на потребите на децата од секоја возраст и флексибилно да одговори на реалните предизвици од секојдневниот живот на децата" (БРО, 2008, стр. 7).

Наведувањето на изворот на информации или изворот на цитатот со помош на фусноти одамна не се практикува во современата научно-стручна литература. Фуснотите сега се користат за да послужат како дополнување на некоја информација која доколку се појави во интегралниот текст на соопштението, непотребно би го оптоварила текстот.

Фуснотите (Пример 18) обично се пишуваат на дното на страницата, со помали букви и се одделуваат од другиот текст или со линија и/или со поинакви букви. Секоја фуснота се означува со бројка (ако ги има повеќе), или со некаков знак, ако ги има неколку (обично со *). Фуснотата наведена на дното на страницата се повикува на горниот агол по зборот, реченицата или пасусот на кој се однесува фуснотата.

## ПРИМЕР 18.
### КОРИСТЕЊЕ ФУСНОТИ

* Трудот е резултат на научно-истражувачки проект "Стандардизација на Векслеровата скала за мерење на интелигенција на деца од македонска популација", спроведен на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет Скопје, со финансиска поддршка од Министерството за образование на Република Македонија.

# ПРАКТИЧНИ СОВЕТИ

- Кога се пишува извештај за објавување, дипломски, магистерски или докторски труд, текстот секогаш се чука со проред од 1,5 или 2 реда.
- Стандардни фонтови што се употребуваат за носечкиот текст се *Times New Roman, Arial* или *Courier* со големина 12.
- Оставањето огромен простор помеѓу табелите, графиконите и текстот остава впечаток дека авторот имал намера текстот да биде вештачки подолг, а естетски изгледа лошо.
- Ако извештајот не е наменет за печатење во стручно списание, туку е дипломска, магистерска или докторска работа, тогаш страниците мора да бидат нумерирани, за да може да се направи *Содржина* која вообичаено се става на самиот почеток, пред *Воведот*.
- Прилозите (додатоците) се ставаат на крајот на текстот, по наведената *Литература,* и секој се означува со реден број или буква.
- Вообичаено е насловите на поглавјата да се пишуваат со затемнети букви, за да бидат лесно уочливи. Притоа се користат различни големини на букви и различна поставеност за да се направи разлика меѓу носечките наслови и поднасловите од различно ниво. На средината на редот (центрирано) и со најголеми букви (или само со големи букви) се пишуваат насловите на главните поглавја: *Вовед, Метод, Резултати, Дискусија, Литература* и *Резиме*. Поднасловите, во рамките на наведените главни поглавја, се пишуваат повлечени на левата страна и со помали букви, при што секое следно ниво на поднасловот започнува околу половина сантиметар повнатре.
- Класичниот начин на обраќање е во прво лице множина, без оглед на тоа колку автори има трудот/истражувањето (на пр. *Најпрво, испитаниците ги изложивме на силна музика...*). Овој начин сè повеќе се напушта за сметка на безличниот начин на изразување (на пр. *Најпрво, испитаниците беа изложени на силна музика...*) или на изразувањето во прво лице еднина , доколку трудот има еден автор (на пр. *Најпрво, испитаниците ги изложив на силна музика...*)
- Посебно треба да се внимава во текстот да се исклучи каков било облик на јазична пристрасност. Тоа значи дека во ниту еден момент текстот не смее да имплицира непотребно вреднување на поединци или на групите што се предмет на истражување, а секоја конструкција што може да се толкува како неправедна кон поединци врз основа на возраст, пол, етничка или религиска припадност, попреченост во развојот и сексуална ориентација се смета за неприфатлива и спротивна на етичките принципи на психологијата.
- Теорискиот дел и релевантните истражувања се неопходен дел на извештајот, но тие не треба да бидат и доминантниот дел. Напротив, методолошкиот дел во кој се презентира актуелното емпириско истражување треба да „одземе“ најмалку половина од трудот.

# РЕЗИМЕ НА СТРУКТУРАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД КВАНТИТАТИВНО ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

**ВОВЕД**

- Изнесување на проблемот на истражувањето
- Презентирање на теориската позадина и релевантните емпирсики истражувања
- Формулирање на истражувачката хипотеза (или хипотези) проследено со соодветно образложение

**МЕТОД**

*Испитаници*

- Презентирање на бројот на испитаниците и начинот на нивно избирање
- Опишување на карактеристиките на избраниот примерок (возраст, пол итн.)

*Мерни инструменти (апаратура/матерјали)*

- Опишување на тестовите, прашалниците, листите на проценка и/или другите применети мерни инструменти (заедно со нивните мерни карактеристики)
- Презентирање на начинот на изработка на мерните инструменти (доколку се користени нови)
- Прикажување на постапката на одредување на скорот  или другите податоци врз кои се базира статистичката анализа.

*ПОСТАПКА*

- Опишување на нацртот на истражувањето и целиот тек на прибирање на податоците
- Опишување на условите во кои се одвивало прибирањето на податоците
- Укажување на времетраењето на целата процедура
- Презентирање на инструкциите упатени до испитаниците

**РЕЗУЛТАТИ**

- Презентирање на резултатите од дескриптивната статистика и статистиката на заклучување
- Користење на табели и графикони со соодветно објанување
- Резимирање на добиените квантитативни резултати

**ДИСКУСИЈА**

- Изведување заклучоци, наведување дали истражувачката хипотеза (или хипотези)  е поддржана или не.
- Споредување наоди од актуелното истражување со наодите од претходното истражување.
- Објаснување на наодите во контекстот на теориските и практичните импликации.
- Наведување на недостатоците на истражувањето, проследено со сугестии за натамошни истражувања.

**ЛИТЕРАТУРА**

- Правење список на автори и трудови што се споменати во извештајот

**РЕЗИМЕ**

- Кусо и концизно опишување на проблемот, методот (со посебен осврт на бројот и карактеристиките на испитаниците) и наодите.

ISBN 978-608-4508-71-7